

списание за **ПРОМОВИРАЊЕ** на **БИБЛИСКАТА**

# АРХЕОЛОГИЈА

## ископување на иднината

број 16 • Година II, 2017 • цена 30 денари • месечно издание

9 771857 951005



**Јовановото крштавање било различно**

**Исус поставил пример**



**Феникиската религија**

**Водниот систем во Хасор**



**Земјата е пуста 1000 години**

**Долината Ге-Хином**



*Во овој број:* **ОБИЧАИ** и ритуали

# ФЕНИЧАНИТЕ

# ОГАН и ВОДА



# ОБИЧАИ И РИТУАЛИ

Уште откако се појавил гревот на овој свет луѓето имаат инстинктивно чувство на вина. Причината е дека *„сите згрешија и лишени се од славата Божја“* (Римјаните 3,23) и совеста им вели дека се виновни. Не е доволно да се промени нивното однесување. Тоа не е откупување за минатото. Ним им е потребно уверување дека им е простено од Бога.

Всушност, ова простување е подготвено и им стои на располагање на сите што веруваат во Божјите ветувања. Павле му кажал на чуварот на затворот во Филипи, кого совеста длабоко го оптоварувала:



Местото кое според традицијата се смета дека е затворот во Филипи

*„Поверувај во Господ Исус Христос и ќе се спасиш ти и целиот твој дом!“* (Дела на апостолите 16,31). Тоа значи да признаеш дека си грешен и дека заслужуваш да бидеш казнет, но веруваш во Исус Христос, Божјиот син, дека дошол на овој свет, живеел праведен живот и потоа бил прикован на крстот со казна која сите ја заслужуваат *„и така, оправдани преку верата,* имаме мир со Бога, *преку нашиот Господ Исус Христос“* (Римјаните 5,1). Сепак, нема видливо обележје за ова прифаќање – нема гулаб од небото, нема блесок од гром, нема глас да ни каже дека сега е сè во ред. Затоа многумина чувствуваат потреба од некој ритуал за да ја потврдат својата вера, па Бог видел дека треба да се институционализираат тие ритуали.

## Жртвени понуди

Кога Адам и Ева покажале непослушност кон Бога, тие си навлекле смртна казна. Но токму тогаш, надвор од портите на Рајската градина, Бог го поставил системот за принесување жртви *„и Авел исто така принесе од првината на стадото свое“* на својот олтар. Братот на Авел, Каин, *„му принесе на Господ дар од земни плодови“* (1. Мојсеева 4,3.4). Веројатно било вообичаено за него да ја прифати жртвата преку испраќање на натприроден оган од небото. Во Библијата се вели: *„Господ погледна благонаклоно на Авел и на неговите дарови“* (1. Мојсеева 4,4). Но немало видливо прифаќање на бескрвната жртва на Каин. Жртвеното јагне било симбол за ветениот Спасител: *„Јагнето Божјо, кое ги зема гревовите на светот врз себе“* (Јован 1,29). Огнот од небото претставувал потврда дека Бог ја прифаќа жртвата, по што совеста била смирена.



„и Авел исто така принесе од првината на стадото свое“

Кога Израел бил крај планината Синај, Бог го објавил својот Закон во кој од особена важност била нивната должност кон Бога и кон нивните соседи, но тоа не подразбирало спас од гревот. Спасението може да се добие единствено преку





доаѓањето на Исус на овој свет и, за да се зачува оваа надеж, бил наложен сложен систем на ритуали.

## Церемонијални миења

Освен принесувањето жртви, бил воспоставен и ритуал на церемонијални миења. До вратата од храмовите биле правени мијалници со вода и свештениците што држеле проповеди во храмовите биле обврзани да си ги измијат рацете и стапалата пред да влезат во храмот (2. Мојсеева 30, 18-20). Кој и да допрел труп од нечисто животно, станувал ритуално нечист (3. Мојсеева 11,24). Кој и да допрел мртво тело, станувал нечист (4. Мојсеева 19,11). Ритуалното миење било со цел да се стане церемонијално чист (19. стих).

Во 9. век пред Христа се случувале воени судири меѓу Израел и Сирија. Во текот на еден од овие конфликти млада Еврејка билаземена како заложник и станала слугинка во куќата на воениот командир на Сирија, Нааман, кој имал лепра, а во тоа време за неа немало лек. Слугинката се загрижила поради неговото страдање и еден ден ѝ кажала на господарката: *„О да отидеше мојот господар кај пророкот, кој е во Самарија, тој ќе ја симнеше од него лепрата“* (2. Царевите 5,3). Илија направил многу чуда во Израел и таа била сигурна дека тој ќе може да ја излекува и лепрата на Нааман. Кога овој предлог му бил даден на Нааман, тој побарал дозвола од царот на Сирија да ја посети Самарија. Очигледно, во тој период имало привремено примирје, па дозволата била издадена во облик на официјално писмо адресирано до царот на Израел со барање да ги направи потребните аранжмани за лекување на лепрата на Нааман.

Израелскиот цар бил многу засрамен од таквото писмо. Тој не можел да го излекува Нааман, а не се сетил ни на Илија. Тој сметал дека ова писмо е невозможно барање кое ќе биде изговор да се испровоцира напад на Израел доколку не биде исполнето. *„Зар сум јас Бог да умртвувам и да оживувам, та ис праќа кај мене да ја симнам од овој човек лепрата негова?“* прашал тој. *„Ете, знаете сега и гледате дека тој бара повод за непријателство против мене“* (2. Царевите 5,7).

## Елисеј доаѓа напомош

Бидејќи на Истокот било потребно многу време за ова, причината за збунетоста во палатата дошла до ушите на пророкот Елисеј. Тој пратил порака до израелскиот цар, прашувајќи: *„Зошто ја раскина облеката своја? Нека дојде кај мене и нека познае дека има пророк во Израил“* (2. Царевите 5,8). Царот бил среќен што е ослободен од проблемот и ги пратил Нааман и неговите придружници во куќата на пророкот. Од политички и воен аспект Нааман очекувал дека ќе биде пречекан со соодветна почит и бил разочаран кога добил порака од пророкот: *„Оди, искапи се седумпати во Јор-*



*дан, и телото твое ќе се обнови, и ќе бидеш чист“* (2. Царевите 5,10). Нааман бил бесен. Не навикнал на ваков третман. Им се пожалил на неговите придружници мислејќи дека пророкот *„ќе излезе, ќе застане и ќе го повика името на Господ, својот Бог, ќе ја стави раката своја на местото и ќе ја симне лепрата“* (11. стих).

## Капењето во Јордан

Уште попонижувачки било тоа што требало да се измие во реката Јордан. Секоја година носам група туристи во библиската земја и кога ја поминуваме реката Јордан секогаш се изненадени од тоа колку е таа мала и каллива. Нааман направил споредба со една блескава река која се слева низ долината близу Дамаск. *„Зарем дамаските реки Авана и Парпар не се подобри од сите израилски води? Не можев ли да се искапам во нив и да се исчистам?“* (2. Царевите 5,12). Тој ги зауздал коњите и тргнал накај дома. За негова среќа, неговите придружници биле порационални од него. Откако се потсмирил, му кажале: *„Татко, да ти кажеше пророкот да направиш нешто потешко, немаше ли да го направиш? А камоли сега кога ти рече само: искапи се, и ќе бидеш чист!“* (13. стих) Тој ја сфатил пораката. *„Тој отиде и се потопи во Јордан седум пати, според зборовите на Божјиот човек, и телото му се обнови како тело на мало дете и се исчисти“* (14. стих). Какво доживување било сето ова за него. Ја напуштил Сирија со презир и осудување. Подоцна, откако ги практикувал церемонијалните обреди токму како што кажал Бог, се вратил дома прочистен и здрав.





Сириецот Нааман излегува од реката Јордан излекуван. Долу, фотографија од реката Јордан

## Ритуалот за прочистување кај Евреите

За несреќа, како што минувале вековите, Евреите станале опседнати со потребата од церемонијално прочистување. Постепено, за повеќето од нив средството станало поважно од причината. Ритуалот го зазел местото на праведноста. Кога самоправедните фарисеи ја виделе популарноста на Јован Крстител како резултат на неговите церемонијални миења, побарале тој да ги крсти. Јован им одговорил: *„Породи змиини! Кој ви кажа да бегате од гневот што иде? Направете плод достоен за покајание“* (Матеј 3,7). Крштавањето што го практикувал тој било со потопување во вода. Ритуалното миење било често практикувано од Евреите во тоа време. Тие станале мошне параноични во врска со потребата за церемонијална чистота. Во многу приватни домови во Ерусалим била направена крстилница од варовник. Ваква церемонијална бања била наречена *миква* (mikvah), и многу такви се откриени. Мер Бен-Дов ја ископувал областа јужно и источно од ѕидовите на храмовите и открил 48 вакви ритуални бањи. Биле измалтерисани со сив малтер за да се заштитат и имале најмалку по шест скали.



Масада







## Скали во една насока

Една миква вообичаено имала по два комплета скали – едните служеле за церемонијално нечистиот да се симне долу по нив, а да се качи по другите. Качување по истите скали по кои би се допрел некој нечист што слегува, истовремено би ја „загадило“ чистата личност. Некои скалила биле поделени на средината, со цел да се постигне погоре опишаното. Базените биле мошне мали, во многу случаи собирале само по еден човек, но морале да ги исполнат условите на рабините. Кога Јадин ја ископувал Масада открил дека еврејските религиозни ревнители, кои ја браниле Масада, изградиле миква помеѓу армирани ѕидови на јужната страна на тврдината. Таму всушност имало три базени: голем, среден и мал – со дупка која ги поврзува поголемите два. Ова била првата традиционална миква од периодот на вториот храм кој бил пронајден во Израел, и објавата за неговото откривање го зголемила интересот во рабинските кругови.

Рабинот Давид Мунцберг бил специјалист за законите во однос на користењето на миквоти (множина од миква) и тој бргу отишол во Масада со делегација од православни Евреи. Било средлето и многу топло, а тие носеле традиционална тешка црна облека, па откако со многу мака го поминале Змискиот пат, сакале веднаш да одат накај миквата.



Миква во Масада

Иродовата прекрасна разнобојна палата не ги интересирала. Стариот рабин Мунцберг, со метро во рака, веднаш отишол во празниот базен. Сакал да види дали има капацитет од „четириесет мерки“ (800 литри), кои се по пропис според ритуалниот закон. Откако завршило мерењето, рабинот бил восхитен. Оваа прастара миква била ритуална бања, „најубава од најубавите, седум пати по седум“.

## Водата требало **да биде чиста**

Во случај да се прашувате зошто имало потреба од три базени, од кои два биле поврзани со дупка, дозволете да објаснам. За да има ефект, миквата требало да биде полна со вода која тече постојано од река или од извор, или, пак, од дожд, а не со вода донесена со кофа или со други садови. Ова било проблем во Палестина каде што нема дожд во текот на шест месеци во лето.



Рабините тогаш одлучиле дека донесената вода во садови може да биде чиста со додавање на мало количество дождовна вода. Бидејќи базенот за измивање можел да биде исчистен и повторно наполнет со чиста вода и користен за церемонијални цели, преку дупката се долевала дождовна вода за да се изврши прочистувањето. Дупката требало да биде „два прста во дијаметар“. Третиот, помал базен, бил всушност за миење (не ритуално) на рацете и нозете пред да се изврши потопувањето во миквата.

Бен-Дов забележал видлива разлика меѓу големиот број микви во областа веднаш до ѕидот на храмот на јужната страна и неколку микви во побогатите куќи во западниот дел. Тој дошол до заклучок дека многу од луѓето што живееле во близина на храмот ги изнајмувале своите соби на посетителите што доаѓале во Ерусалим за време на националните празници. Тој запишал: „Замислете ја привлечноста на натписот на аголот од улицата на кој е напишано следново: Соби за издавање. Добра цена. Приватна миква на имотот“ (Во сенката на храмот, стр. 153). Како и да е, ритуалот миква не бил еднократен. Ако се случела церемонијална нечистотија, ритуалот морало да биде повторен. Човекот се симнувал по скалите во миквата и се потопувал во водата.



Канали за вода во пустината, Кумран

## **Есените** и воденото чистење

Есените во Кумран, во дивината на Јудеја, каде што биле пронајдени Свитоците од Мртвото Море, го практикувале ова церемонијално чистење. Јосиф, еврејскиот историчар, напишал: „Кога некој сакал да се придружи на нивната секта, тој не бил веднаш приман, туку морал да живее, во период од една година, на ист начин како што живееле тие... За тоа време, ако докажел дека може да живее со таков аскетски живот, станувал учесник во ритуалот на прочистување со вода“ (*Wars of the Jews*, II, VIII, 7). Тој вели дека и „жените влегуваат во бањата облечени со дел од својата облека, а мажите обвиткани со дел од обле-





Миква во Кумран



Кумран, местото каде што живееле Есените



ката“ (пар. 13). Колонијата имала разработен систем за собирање на водата со цел да се обезбеди доволно вода за домашни потреби и за регуларните церемонијални обреди. Луѓето биле населени во близина на место каде што вода бликала во текот на дождовна сезона, но кое било суво во време на летниот период. Половина километар угоре водата се прелевала над работ од платото и се слевала во т. н. *вади* („wadi“). Тука била изградена брана за да се собира водата која потоа се слевала во канал направен откај брегот. На едно место водата минувала низ тунел направен во карпа. Потоа се слевала надолу во канал до населеното место и била насочена кон цистерните и базените за потопување.

## Јован **Крстител**

Некои луѓе сметале дека Јован Крстител бил Есен, можеби и член на колонијата Кумран, и сметам дека е можно тоа. Некои од есенските заедници во пустината практикувале целибат, па нивниот број не можел да се зголемува со природна репродукција. Тие регрутирале нови членови или од постарите луѓе кои избрале да го оставаат световниот живот и да се приклучат кон заедниците, или со посвојување деца. Јован бил дете на стари родители (Лука 1,7), кои можеби починале набргу по неговото раѓање. Можеби неговите роднини го дале на посвојување во некоја таква заедница. Библијата вели: „*А детето растеше и крепнеше со духот; и беше во пустина до денот кога му се јави на Израил*“ (Лука 1,80). Тој го прифатил и начинот на аскетскиот живот практикуван од Есените: „*А Јован имаше облека од камилски влакна и кожен појас околу слабините, а храната му се состоеше од скакулци и див мед*“ (Матеј 3,4). Во секој случај, едно е сигурно: Јован практикувал ритуал на прочистување со вода како и Есените, но со голема разлика.

## Јовановото крштавање **било различно**

Прво, Есените не практикувале евангелски активности, а Јован отишол кај луѓето и „*проповедаше во јудејската пустина*“ (Матеј 3,1). За да го стори ова, тој морал да ја прекрши традицијата на Есените. Како второ, додека тие практикувале повторувачки ритуали, Јовановото крштавање било еднократно искуство, кое повеќе било признавање на гревот, искуство на срцето кое води кон реформа на карактерот. „*Направете плод достоен за покајание*“, предупредувал тој (Матеј 3,8). Трето, додека другите самите се потопувале во водата, Јован го правел тоа потопување на други. Тие „*се крштаваа од него во Јордан, исповедајќи ги своите гревови*“ (6. стих). Тоа била воведна церемонија. Не е запишано како бил правен овој ритуал. Јован можеби ја ставал својата рака на покајникот, како Исус кога ги благословувал децата (Матеј 19,15). Најверојатно покајникот потоа клекнувал на колена и бил потопен под вода. На тој начин Евреите го практикувале обичајот наречен *миква*, додека, пак, грчкиот збор „baptizo“, кој е употребен во Библијата, во Новиот Завет, буквално значи „потопување“.



Исус ни дал пример дека треба да се крштаваме

## **Исус** поставил пример

Кога Исус го оставил дрводелскиот занает во Назарет, прв чекор му бил да отиде до реката Јордан и да побара да биде крстен од раката на Јован. Крстителот не сакал да го изврши овој обичај врз ваков безгрешен човек кој немал гревови што требало да бидат изменети, но Исус го убедил. „*Остави го сега тоа, зашто нам ни претстои да ја исполниме секоја правда*“ (Матеј 3,15).

Со овој пример Исус направил крштавањето да стане обичај од суштинско значење во христијанската религија. Тоа станало составен дел од праведноста која се барала од луѓето што се надеваат дека ќе добијат вечен живот.

Пред да замине на небото, Исус им кажал на своите апостоли да го практикуваат овој обичај.



*„Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот и Синот и Светиот Дух,“* им наредил (Матеј 28,19). Апостолите го исполниле ова барање. На денот Педесетница Петар кажал: *„Покајте се и секој од вас да се крсти во името на Исус Христос за простување на гревовите“* (Дела 2,38). Апостолите го практикувале ова како обред потребен за да станат членови на црквата: *„А Господ секој ден ги придодаваше спасените кон нивното мноштво“* (47. стих).

## Крштавањето не било за бебиња

Во тој период во христијанската црква крштавањето било обред што се извршувал врз возрасни, или барем врз полнолетни лица. *„Почнаа да се крштаваат мажи и жени“* (Дела 8,12), но не постои запис дека биле крштавани бебиња. Причината треба да е очигледна. Бебињата не можат да се покајат за своите гревови, а покајанието му претходи на крштавањето. Бебињата не можат да веруваат, а верата во Христа е услов за крштавање. Откако Филип го објаснил начинот на спасението пред етиопскиот великодостоинственик, тој му кажал: *„Еве вода! Што ми пречи да се крстам?“* Тогаш Филип му одговорил: *„'Ако веруваш од сè срце – можеш'. Тој одговори и рече: 'Верувам дека Исус Христос е Синот Божји'. И заповеда колата да запре, па слегоа во водата обајцата, и Филип и евнухот, и го крсти“* (Дела 8,36-38).

Овој чин не бил извршен со попрскување на неколку капки вода на главата на евнухот додека стоеле на брегот на реката. Тие двајцата влегле во водата. Попрскувањето не било практикувано уште многу векови оттогаш. Базени за крштавање може да се видат и во зачуваните ранохристијански цркви.





Библиско крштавање со потпоување во вода

## Крштавање по попрскувањето

Некои можеби ќе прашаат дали треба да бидат крстени со нурнување, ако веќе биле крстени со попрскување кога биле бебиња. Одговорот од историска и од теолошка гледна точка би бил „да“. На прво место, попрскувањето не е вистинско библиско крштавање. Теолозите во денешно време може да го нарекуваат крштавање, но тоа не е „тоа“. Единственото крштавање што е запишано во Библијата е со нурнување. Попрскувањето не ја објаснува важноста на крштавањето. Секој што е роден на овој свет доаѓа со грешна природа. *„Ете, грешен сум роден“*, запишал Давид, *„грешник уште од кога ме зачна мајка ми“* (Псалм 51,5). Сите сме родени со грешни мисли, со непожелни карактерни особини. Едно бебе не треба да се учи како да биде себично или со лош темперамент. Тоа доаѓа природно. Исус кажал: *„Ако некој не се роди од вода и Дух, не може да влезе во царството Божјо“* (Јован 3,5). Не е доволно некој да биде роден од вода при крштавањето. Од суштинско значење е да добие нова природа, нови желби и мотиви.





## Умирање на стариот човек

Што се случува со старата природа? Таа мора да умре. Павле напишал: *„Нашиот стар човек е распнат со Него, за да биде уништено грешното тело, па да не бидеме веќе робови на гревот“* (Римјаните 6,6). И што треба да се стори со мртвото тело? Да се погребе под водите на крштавањето *„и така, ние се погребавме со Него преку крштавањето во смрта, за да можеме, како што Христос воскресна од мртвите преку славата на*

*Отецот, и ние така да живееме нов живот“* (4. стих). Тоа не значи дека ние никогаш повеќе нема да грешиме, ниту дека нема да имаме веќе никакви зли желби, туку ние избираме да умреме за гревот, да се откажеме од сите стари зли навики и од непослушноста. *„Па така и вие, сметајте се мртви за гревот, а живи за Бога во Христос Исус, нашиот Господ“* (11. стих).



Пред една личност да се крсти треба да се запознае со Библиските вистини и доброволно да ги прифати

Има уште еден предуслов за крштавање. Кога Исус им кажал на апостолите да одат и да крштаваат низ светот во името на Тројството, тој им наредил: *„Учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал“* (Матеј 28,20). Христијанскиот свештеник не треба пред крштавање на кандидатот да му даде само насоки за сите Христови учења; тој треба да биде уверен дека го избрал патот на послушноста. Ова очигледно не се однесува на бебињата. Може само да се применува кај оние што достигнале одредена возраст на која добро ги разбираат нештата.

*инаку децата ваши би биле нечисти, а сега се свети“* (1. Коринќаните 7,14). Дете на родители верници се смета дека е свето според Бога, дури и ако тие самите не се крстени.

Колку добри мора да бидат луѓето пред да бидат подобни за крштавање? Тоа е за грешници, не за светци. Ако чекаме да станеме совршени пред да се крстиме, тогаш никогаш нема да бидеме крстени. Ако ги разбираш сите учења на Христа, ако си се откажал од своите гревови и си избрал да ги почитуваш Божјите заповеди, тогаш треба да веруваш дека Христос умрел наместо тебе и дека си подготвен за крштавање. По преобратувањето на Павле на патот кон Дамаск, кога му биле дадени начелата на христијанската вера, Ананија му кажал: *„И сега, зошто чекаш? Стани, крсти се и исчисти ги гревовите свои, повикувајќи го името на Господ Исус“* (Дела 22,16).

Откако ќе разбереш што очекува Бог од тебе и ќе одлучиш да го следиш Христа, не откажувај се. Исус кажал: *„Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен“* (Марко 16,16).

## Ако дете починало
### пред да биде крстено

Каква би била верата на едно дете што починало пред да биде крстено? Дали може да биде спасено без да се случи оваа церемонија? Да, може. Павле напишал дека *„маж безверник се осветува преку жената која верува, и жена безверничка се осветува преку мажот, кој верува;*





# ФЕНИЧАНИТЕ

Феникија е грчко име кое најверојатно е изведено од грчкиот збор „феникс“ и значи „црвено“, можеби затоа што феникиските морнари имале убава боја од сонцето. Во асирските натписи Феничаните биле наречени Хананци или Сидонијанци. Нивните предци се забележани во библиските записи. *„А ова е родословието на Ноевите синови: Сим, Хам и Јафет... Хамовите синови се: Куш, Мицраим, Пут и Ханан... А Ханан го роди својот првенец Сидон и Хет... Пределите, пак, ханански беа од Сидон кон Герар сè до Газа“* (1. Мојсеева 10,1.6.15.19). Сим бил таткото на Семитите, а Хам бил таткото на Хамитите. Во египетските записи се зборува за Нубијците како Куш, и Египет е денес сè уште наречен Мисир („од мисраим“). Ханан бил татко на Хананците кои го окупирале крајбрежјето од Сидон до Газа. Синот на Ханан, Хет (Heth), бил татко на Хетитите. Наспроти нивното потекло од Хам, Хананците не зборувале на хамитски јазик, туку на семитски. Ова со сигурност се должи на инвазијата на Саргон од Акад, семитски воен лидер кој веројатно им ја наметнал својата култура и јазик на Хананците. На ист начин тие ги прифатиле арапскиот јазик и култура откако биле нападнати од Арапите. Заради подоцнежното влијание на Грците, тие станале познати како Феничани,



Феничаните биле одлични морепловци

а во скорешно време ни се познати како Либанци. Четирите главни градови на Феникија биле Гебал, Берит (сегашен Бејрут), Сидон и Тир. Бидејќи живееле близу до брегот на Палестина, тие станале одлични морепловци. Нивните бродови пловеле по должината на Медитеранот, и така станале најдобрите трговци на Средниот Исток. Најчесто тргувале со папирус од Египет. Подоцна поповолно било да го донесат растението папирус од Египет, па самите да ги прават листовите. Англискиот збор за „хартија“ („paper“) е изведен од „папирус“. Гебал бил главен центар за оваа



Феникиски натпис

индустрија, и кога Грците стапиле на сцена, го нарекле овој град Библос, што е всушност грчки збор за свиток. Зборот Библија е изведен од зборот „biblos“.

## Историјата
### на Феничаните

Малку се знае за раната историја на Феничаните. Првично се споменати во Египет во писмата наречени „Амарна“ каде што себеси се нарекуваат Кинаху или Кинану (Хананци). Кога царот



Давид од Израел го основал главниот град во Ерусалим во 1004 година пред Христа „*тирскиот цар Хирам испрати кај Давид пратеници и кедрово дрво, дрводелци и каменоделци, и тие му изградија на Давид дом*“ (2. Самоилова 5,11). Дотогаш Израелците немале развиено никакви вештини во архитектурата ниту граделе постојани градби, па Давид ја искористил вештината на Феничаните во Тир како асистенти на неговиот прв градежен проект – неговата палата во Ерусалим. Синот на Давид, Соломон, кој владеел од 971 до 931 г. пред Христа уште повеќе се потпирал на вештината на Феничаните кога го градел прекрасниот храм во Ерусалим. Соломон тогаш му пишал на Хирам: „*Ти знаеш дека кај нас нема луѓе што умеат да сечат дрва така, како Сидонците... и Хирам му даваше на Соломон кедрово дрво и кипарисово дрво, според желбата негова. А Соломон му даваше на Хирам дваесет илјади кори пченица за исхрана на неговиот дом и дваесет кори цедено маслиново масло*“ (1. Царевите 5,23.24). На Средниот Исток кедрите од Либан секогаш биле високо ценети заради градбите, а за возврат Соломон сакал да плати околу 4 400 000 литри пченица годишно, и 4400 литри масло. Хирам ги пренесувал дрвата со бродови по крајбрежјето до Јопа (Joppa), а оттаму Соломон ги носел по копно до Ерусалим. Од информацијата дадена од Јосиф Флавиј може да се пресмета дека Хирам I владеел од 970 до 936 г. пред Христа, што се совпаѓа со библиските записи. Тој дури и го цитира Менандер, раноисторичарот, со зборовите: „По смртта на Абибалус, неговиот син Хирам завладеа со царството. Тој исто така одеше да сече кедрови дрвја од планината наречена Либанус, и го користеше кедровото дрво за покривите на храмовите“ (Apion, книга бр. 1; алинеја 18). Ова го вклучува храмот на Соломон во Ерусалим.

Во 887 г. пред Христа, Етбал (Ethbaal) дошол до тронот и владеел од Сидон. Ја создал Аоза, првата феникиска колонија во Северна Африка. Две генерации подоцна, Пигмалион (860-814 г. пред Христа) го убил сопругот на неговата сестра Елиса, по што таа во северна Африка ја основала Картагина (Carthage). Хирам го погребал татко му, кој исто така се викал Хирам, во Библос и како резултат на интересна игра на судбината - гробницата била откриена.



Саркофагот на Хирам во Библос



Натписот на саркофагот

## Археологијата
### во Феникија

Во 1921 г. Пјер Монтет почнал со ископување во Библос. На 16 февруари 1922 г. се случило лизгање на земјиштето и цело парче земја паднало во делот каде што се ископувало. Она што било катастрофално, всушност, станало позитивно затоа што по таа случка се пронајдени неколку гробници. Една од гробниците била на Хирам, царот на Тир. Меѓу другото, бил откриен огромен натпис врежан во ѕидот: „Внимание. Ако се симнете долу, ќе ве снајде голема тага.“ Натписот бил сличен на заканите напишани од неколку фараони, чија цел била да ги уплаши ограбувачите на гробови. Тоа никогаш не ги спречувало ниту нив ниту, пак, археолозите да истражуваат. Сепак, вре-
дело
човек
да се обиде. Кои други мерки би можел да ги преземе починатото лице за да ги спречи упорните крадци? Ова предупредување против скврнавење на гробницата било повторено на натписот врежан на капакот од истата: „Ова е ковчегот кој Итбал, син на Ахирам, кралот на Гебал, го направи за неговиот татко како вечно престојувалиште. Ако некој цар, или владетел, или воен командант, го нападне или го изнесе овој ковчег, нека неговиот владетелски скиптар се скрши, нека биде соборен од кралскиот трон, мирот нека исчезне од Гебал и скитници нека ги уништат неговите натписи.“



Приказ на богот Ваал



Статуетка на божицата Астарта

## Феникиската
### религија

Во 874 г. пред Христа „Амриевиот син Ахав стана цар над Израил. Тој ја зеде за жена Језавела, ќерката на сидонскиот цар Етбаал, и почна да му служи на Ваал и да му се поклонува „*и му подигна на Ваал жртвеник во Вааловото светилиште што го беше изградил во Самарија*“ (1. Царевите 16,29.31.32). Ваал, феникиски и еврејски збор што значи бог, бил феникиски бог на времето. Во рамките на неговата религија се практикувале многу сурови и неморални обичаи. Храмски проститутки од двата пола биле предадени да му служат нему и на божицата на плодноста Астарта или Иштар – од што се изведува зборот „Easter“ (Велигден). Светото копје наречено Ашера, симбол на машкиот полов орган, било неизоставна фигура во светите места на Хананците и веројатно било употребувано во феникиските храмови. „Уште една жртва била редовно практикувана како дел од феникиската религија; девојките ја жртвувале својата девственост во светилиштата на Астарта, со верување дека на тој начин ќе ја умилостиват божицата и ќе ја здобијат нејзината наклоност“ (1964 Encyclopedia Britannica, volume 17, page 769).

Не е чудо што тогаш имало реакција од вистинските поклоници на Јахве (чија религија се засновала на високи морални стандарди), кога Ахав ја претставил религијата на неговата безбожна жена Језавела. Поточно, енергичниот пророк Илија почнал да се буни во знак на протест и ненајавен се појавил во палатата на Ахав и застанал пред царот.



# Илија и Ахав

*„И пророкот Илија, тишбеец од галаадските жители, му рече на Ахав: 'Се колнам во живиот Господ, Бог Израилев, пред кого стојам! Во овие години нема да има ниту роса, ниту дожд, освен според мојот збор'"* (1. Царевите 17,1). И пред збунетиот цар да сфати што се случува, храбриот пророк се свртел и избегал кај потокот Керит, притока на Јордан. Ако некое божество можело да се соочи со ваков предизвик, тоа, секако, требало да биде Ваал – богот на времето. Но, во текот на три и пол години, сонцето безмилосно печело, а на небото немало ниту еден облак. Тревата се исушила, потоците престанале да течат, а земјата била пред пропаст. Менандер, кого Јосиф Флавиј го цитирал, ја споменал оваа уништувачка суша во времето на Етбаал. „За време на неговото владеење, не падна дожд од месец хиперберетај до месец хиперберетај следната година. Но, кога тој понизно се помоли, настанаа силни грмотевици" (Antiquities, book VIII, Chapter XIII, paragraph 2). Очигледно, грмотевиците биле најмоќното нешто што Ваал можел да го стори. Сушата продолжила.

На крајот на предвиденото време Илија повторно се појавил пред Ахав и побарал да се изведе тестирање на силата меѓу пророците на Ваал и Јахве – Израелскиот Бог. *„Штом Ахав го виде Илија, му рече: 'Ти ли си тој што му носи неволји на Израил?'"* Бидејќи Илија ја претскажал сушата, Ахав сметал дека е тој одговорен. *„Илија му одговори: 'Јас не му донесувам неволји на Израил, туку ти и татковиот дом твој, бидејќи ги презревте ГОСПОДОВИТЕ заповеди и врвите по Вааловците. Сега испрати и собери го пред мене сиот Израил на гората Кармил, и четиристотини и педесетте Ваалови пророци и четиристотините пророци на божицата Ашера што се хранат од трпезата на Језавела'"* (1. Царевите 18,17-19).



Пророкот Илија на гората Кармил

Ахав не гледал излез од дилемата. Ако го одбиел предизвикот, тоа би значело признавање на немоќта на Ваал *„и Ахав испрати до сите Израилеви синови и го собра сите пророци на гората Кармил. Тогаш Илија пристапи кон сиот народ и рече: 'Уште ли ќе куцате на двете колена? Ако ГОСПОД е Бог, врвете по Него, ако пак е Ваал – одете по него'"* (стихови 20 и 21).





# Илија и пророците на Ваал



Баалбек, Либан

Илија тогаш предложил секоја страна да изгради олтар и да положи и понуди жртвено животно на него, и потоа да бидат повикани нивните богови да ги запалат жртвените животни со оган. Било јасно дека оној бог, кој може да произведе гром, може и да ја изгори жртвата со оган. Но, иако пророците на Ваал ги изведувале ритуалите од утро до доцна попладне, немало никаков одговор. *„Но не се слушна никаков глас, ниту одговор или одек"* (29. стих). Кога изморените пророци на Ваал се повлекле поразени, Илија ја подготвил својата жртва и, за да може да гарантира дека сè што ќе се случува ќе биде вистинито, ја полеал жртвата со 12 садови вода. Потоа клекнал и кажал едноставна молитва. *„Господи, Боже Авраамов, Исаков и Израилев! Нека познаат денес овие луѓе дека си Ти единствен Бог во Израил"* (36. стих). Тогаш блеснал гром од небото без облаци и не само што ја запалил жртвата и ја пресушил водата туку и ги стопил камењата од олтарот. На луѓето не им било потребно понатамошно убедување. Ги однеле пророците на Ваал до подножјето на планината и ги пуштиле да се лизнат надолу.

Обожавањето на Ваал бил составен дел од животот на Феничаните и зборот Ваал бил вградуван во имињата на нивните владетели. Ќерка на Етбаал била Језавела, што може да значи „островот Ваал". Добропознатите владетели на Картагина биле наречени Ханибал или Хани-баал. Тие воделе успешни Пунски (Фенички) војни против Рим. Римјаните изградиле масивни храмови на Баалбек, најверојатно на местото на претходниот ваалски центар за обожавање. Еден од овие храмови бил посветен на божицата Венера, логична наследничка на Астарта. Обичаите на Венера не биле помалку неморални од оние на Астарта и оттаму ние го извлековме зборот „венерични", што се однесува на сексуално преносливи болести, логична последица од таквиот промискуитет.

# Подоцнежната феникиска историја

Нема запис за тоа како Етбаал, кој не само што бил цар туку и свештеник на Астарта, реагирал на овој инцидент. Без сомнение, тој не бил задоволен со понижувањето на неговите богови пред Илија. Но тој веќе имал доволно грижи. Во 868 г. пред Христа суровиот асириски тиранин Ашур-Насир-Пал II ја нападнал неговата земја и ја присвоил. Според записите на неговиот син Салманасар III, тој исто така присвојувал земја и од царевите на Тир, Сидон и Библос. Во седмиот век пред Христа феникиска флота, по наредба на фараонот Нехо (Necho) од Египет, пловела околу Африка. Херодот го забележал настанот.

„Феничаните пловеа од Црвеното Море кон Јужниот Океан, и секоја есен, кога ќе стигнеа на либискиот (африканскиот) брег, засадуваа едно парче земја, и чекаа да дојде жетвата следната година. Откако ќе го собереа своето жито, повторно тргнуваа по морето, и по цели две години ги заобиколуваа Столбовите на Херкул (Гибралтар) во текот на третата година, а потоа се враќаа во Египет. Овие луѓе дадоа изјава, во која јас лично не верувам, иако другите можеби ќе поверуваат, дека додека тие пловеле по западниот курс околу јужниот дел на Либија, сонцето им било од десната страна – кон северниот дел од нив" (The Histories, стр. 284).



Ашур-Насир-Пал II

Чудно е, но Херодот се сомневал во автентичноста на неговиот запис. Тој не знаел ништо за јужната хемисфера каде што сонцето секогаш е на север напладне. Тој бил навикнат на северната хемисфера, во која сонцето се појавува на југ. Тој очигледно не ја измислил приказната, ниту пак Феничаните кои го реализирале ова значајно патување.

## Тир и Сидон

Силата на Феникија не лежи во нејзината воена моќ, туку во трговијата и во можноста за пловидба. Тир и Сидон имале свои острови. Во 678 г. пред Христа, Есархадон (Esarhaddon) го задушил востанието на наследникот на Етбаал, Абд-Милкат (Abd-Milkath), и успешно го зазел островскиот град Сидон. Целосно го разрушил и изградил сосема нов град. Островот сè уште е таму, но веќе никогаш не бил населен. Ситуацијата со Тир била поповолна. Местото било заземено од Есархадон и во 668 г. пред Христа од Асур-Бани-Пал, но никој не успеал да ја порази феникиската флота и целосно да го заземе. Во 605 г. пред Христа царот Навуходоносор од Вавилон ја опколил островската тврдина. Тој одлучил да ја потчини, но иако ја продолжил блокадата цели тринаесет години, конечно морал да се откаже од обидот, иако бил постигнат некаков компромис. Еврејскиот пророк Езекија, кој живеел во тоа време, зборувал за гордоста на Тир и за нејзината несовладливост, но предупредил дека денот за пресметка ќе дојде. *„Така вели Господ Бог, еве, Јас сум против тебе, граде Тире, и ќе кренам против тебе многу народи како морето што ги крева брановите свои и ќе ги разбијат ѕидовите на Тир и ќе ги разрушат кулите негови; и ќе го изметам правот негов и ќе го направам гол камен. Ќе биде место за простирање мрежи во морето... Твоите камења и твоите дрвја и земјата твоја ќе ја фрлат во вода... За ужас ќе те направам и нема да те има; ќе те бараат, но веќе никогаш нема да те најдат‘, вели Господ Бог“* (Езекил 26,3-6.12.21).



## Александар и Тир

Персијците под власт на Артаксеркс III влегле во Тир со измама, но нивната окупација кратко траела. Тогаш дошол Александар Велики. Тој преминал кон Дарданелите во 333 г. пред Христа и го поразил Дариј III од Персија во битките кај Граник и Ис. Крајбрежните градови на западна Турција, во кои има многу Грци, подготвени ги отвориле своите порти за Александар. Кога стигнал до Феникија, градовите Арад, Библос и Сидон исто така капитулирале. Тир се согласил да се покори пред Александар, но одбил да му дозволи на окупаторот да влезе во островскиот град. Тој одлучил да постави пример на град кој се противставува на неговата волја. Со предниот дел Тир бил потопен во морето, па Александар ги демолирал градбите на копното и ги истуркал камењата во морето за да изгради пат до островот. Бидејќи водата близу островот била многу длабока, камењата биле несоодветни. Војниците на Александар донесле земја од крајбрежјето и ја фрлиле во морето. Конечно преминот бил направен и со помош на бродовите од другите феникиски градови и Кипар тој извршил напад. Откако можел да се изведе фронтален напад, гордиот град паднал, но храбрите бранители седум месеци се бореле против македонската војска. 8.000 луѓе од Тир биле убиени, а 30.000 биле продадени како робови.



Илустрација за изгледот на древниот Тир




## Тир никогаш нема да биде пронајден

Што е со пророштвото за Тир дека *„нема да те има... веќе никогаш нема да те најдат“*? Нешто многу чудно се случило со Тир. Во текот на вековите морските бранови наместо да го разрушат патот од копното до островот, тие нанесувале сè повеќе земја и по некое време островот се споил со крајбрежјето на копното и тоа е сегашниот Тир. Ова место е просперитетно арапско пристаниште, а рибарските мрежи секојдневно се поставени покрај брегот. Градот, пак, кој се наоѓал на брегот на земјата бил изграден во римско време, но таа област е сега археолошка област.

Еднаш имав можност да ги разгледувам ископините и да зборувам со одговорниот археолог. Тој ми ги покажа римските урнатини на кои работел и јас направив многу фотографии. Тогаш го прашав: „Што станало со градот од времето на Стариот завет? Најдовте ли нешто од тој период?“ Неговиот одговор ме изненади - „Не, и никогаш нема ни да најдеме. Брегот тука потонал со текот на времето, и кога се обидовме да копаме под римските урнатини, нашите канали се наполнија со вода, и никогаш нема да се најде начин како да се ископа праисторискиот Тир.“ Очекувано, се сетив на зборовите на пророкот Езекил: *„Ќе те бараат, но веќе никогаш нема да те најдат.“*

## Илија во последните денови

Феникија ја изгубила својата моќ, но борбата меѓу вистинскиот Бог и лажната религија на Ваал ќе продолжи до крајот на времето, и пророкот Илија повторно ќе се сретне со предизвикот. Во последната глава од Стариот завет пророкот Малахија напишал: *„Доаѓа ден, вжарен како печка; тогаш сите горди и оние, кои постапуваат нечесно, ќе бидат како слама, и ќе ги изгори денот што иде... Ете, јас ќе го пратам кај вас пророкот Илија, пред да настапи денот ГОСПОДОВ – голем и страшен.“*

Илија никогаш не починал. *„Илија се вознесе во виорот кон небото“* (2. Царевите 2,11). Во една пригода *„Исус ги зеде со себе Петар, Јаков и брат му Јован, и ги изведе на висока гора сами; и се преобрази пред нив; и лицето Негово светна како сонце, а алиштата Негови станаа бели како светлина. И ете, им се јавија Мојсеј и Илија“* (Матеј 17,1-3). Апостолите веднаш се сетиле на пророштвото на Малахија, па на враќање од планината го прашале Исуса: *„Зошто тогаш е запишано дека Илија треба прво да дојде?“* Исус им објаснил дека Илија нема лично да дојде и им одговорил:



*„Илија ќе дојде претходно и ќе уреди сѐ; но ви велам дека Илија веќе дојде и не го познаа, туку му направија сѐ што сакаа“* (Матеј 17,11.12). Тој зборувал за Јован Крстител, кој требало да претставува исполнување на пророштвото за Илија. Пред да се роди Јован, се појавил ангел пред остарениот Захарија и го предвидел неговото раѓање велејќи: *„И тој ќе оди пред Него **во духот и силата на Илија**... па да му подготви на Господ народ подготвен“* (Лука 1,17). Не Илија, туку друг како него ќе проповеда со истиот дух и сила.

Но барањето околу Јован било условено. Исус кажал: *„И ако сакате да прифатите, тој е Илија, кој треба да дојде“* (Матеј 11,14). Сепак, Евреите не ја прифатиле пораката на Јован. Исполнувањето ќе се случи пред второто Христово доаѓање. Тогаш повторно ќе се чуе „глас“ што вика во дивината - порака упатена со цел да ги подготви луѓето за Господовото доаѓање. Тој „глас“ го наоѓаме во пораката на првиот ангел во Откровение 14 глава: *„Тој зборуваше со висок глас: Имајте стравопочит кон Бога и подајте му слава, зашто настапи часот на Неговиот суд“* (7. стих).

## Божјиот закон
### е главниот предмет

Главната грижа на Илија била да укаже дека треба да се почитува Божјиот закон. Кога царот Ахав го обвинил дека го загрозува Израел, Илија одговорил: *„Јас не му донесувам неволји на Израел, туку ти и татковиот дом твој, бидејќи ги презревте ГОСПОДОВИТЕ ЗАПОВЕДИ“* (1. Царевите 18,18).

Токму тука греши светот денеска. Луѓето ја одбиваат пораката што им ја упатува Христос и ги запоставуваат Десетте Божји заповеди. „Тие веќе не се во мода, не се релевантни, ние сме сексуално ослободени од етичките стандарди на 19 век и седмиот ден Шабат е заменет со недела“ - тоа е популарната реченица.

Но Библијата ги повикува луѓето да се вратат кај Христа и да ги почитуваат Десетте заповеди. Со Божја помош тие може да бидат применети и, како што вели пророкот Малахија, *„ќе изгрее сонцето на правдата, и исцелување ќе има во зраците негови“* (4,2). Исус, светлината на светот, може да ја излекува душата болна од грев. Како резултат на пораката на Илија, пророкот кажал: *„Тука се оние што ги пазат заповедите Божји и верата во Исус“* (Откровение 14,12). Денеска ова прашање е јасно, а повикот на Илија соодветен. *„Уште ли ќе куцате на двете колена?“* прашал тој. *„Ако ГОСПОД е Бог, врвете по Него“* (1. Царевите 18,21).

Смеам ли и јас да ве прашам: „Што чекате? Дали ви е јасно дека Исус Христос доаѓа наскоро и дека треба да ги почитувате сите десет заповеди, вклучувајќи ја и саботата?“ Тогаш не чекајте повеќе. Утре веќе може да биде предоцна. *„Еве, сега е времето благопријатно; ете, сега е денот на спасението!“* (2. Коринќаните 6,2).





# Оган и вода

Огнот и водата не се компатибилни. Или водата ќе го изгасне огнот или огнот ќе предизвика водата да се претвори во пареа. Но, и двата елемента имаат огромен потенцијал и за полза и за штета и одиграле важна улога во историјата и за археологијата. Пред илјадници години Бог ја употребил водата за да ја уништи целата Земјина површина, а во блиска иднина Тој ќе го уништи светот со оган. *„Тогашниот свет беше потопен во вода и така пропадна... А Господовиот ден ќе дојде како крадец во ноќта; во тој ден небесата ќе поминат со голема бучава, а вжарените стихии ќе се распаднат и земјата ќе изгори со сите дела што се во неа“* (2. Петрово послание 3,6.10). Човекот не може да опстане без вода за пиење, готвење и миење.

На почетокот луѓето го определувале местото на кое ќе се населат според достапноста на водата. Тие живееле во близина на реки, езера или извори, или, пак, ја собирале водата со брани, во бунари или во цистерни. Прекинувањето на снабдувањето со вода на еден град набргу доведувало до негова капитулација. Првиот град во историјата бил изграден на коритото на реката Еуфрат. *„Кога луѓето се преселија од исток, најдоа рамница во Сенарската земја, и се населија таму“* (1. Мојсеева 11,2). Од планината Арарат, каде што арката на Ное застанала по потопот, луѓето патувале кон запад покрај Еуфрат, а потоа кон југ и југозапад следејќи го течението на реката. Кога стасале до Сенарската земја, што најверојатно се однесува на Сумер во Месопотамија, тие почнале да ја градат Вавилонската кула, која станала центар на големиот град Вавилон. Во времето на царот Навуходоносор Еуфрат течел точно низ центарот на Вавилон. Кога асирскиот цар Сенахирим го зазел Вавилон во 689 г. пред Христа, ја пренасочил водата на Еуфрат кон градот, што го претворило во огромно мочуриште. Кога персискиот цар Кир сакал да го заземе Вавилон во 539 г. пред Христа, тој ја пренасочил реката Еуфрат од нејзиното течение низ центарот на градот и ги испратил трупите по сувото корито на реката и така влегол во градот.



Реката Еуфрат течела низ центарот на древниот Вавилон

## Пресушувањето на **Еуфрат**

Денес водата на Еуфрат е од витално значење за луѓето во Турција, во Сирија и во Ирак. Во 1990 г. Турција ја заврши првата фаза на големата брана Ататурк и ги затвори отворите со цел да ја наполни огромната брана. Ова предизвика уште една меѓународна криза. Водата во Еуфрат драстично се намали и тоа предизвика жестоки протести во Сирија и во Ирак, не само заради нивната моментална потреба од вода, туку и заради стравот дека во иднина Турција може да ја употреби водата како политичко оружје.



Браната Ататурк на реката Еуфрат, Турција

Турција ги уверуваше своите соседи дека никогаш не би го сторила тоа, но стравот сѐ уште постои.

Библиското пророштво предвидува дека еден од последните настани на историјата на овој свет ќе биде пресушувањето на реката Еуфрат. *„И шестиот ангел ја излеа својата чаша врз големата река Еуфрат: и пресуши неговата вода, за да им се приготви патот на царевите од исток на сонцето... И ги собра на местото на еврејски наречено Армагедон“* (Откровение 16,12.16). Повеќето коментатори во ова пророштво гледаат симболичка важност, но најверојатно, ако јаземеме предвид моменталната конфликтна ситуација околу водата, исушувањето на реката буквално претставува сериозна опасност за неволја.

Изворите поминуваат низ Палестина и обезбедуваат обилна количина чиста вода. Ова било извор на просперитет на големите антички градови Ерусалим, Хасор, Мегидо, Гезер, Гаваон и Лахис. Окупаторите секогаш копале дупка во ѕидот на градот и го поврзувале дното на дупката со изворот преку хоризонтален тунел. Ова им овозможувало пристап до вода без да мораат да одат надвор од ѕидините на градот – што е витална потреба во време на војна.

## Водниот систем во **Хасор**

Откривањето на водниот систем во Хасор било археолошка драма. Хасор бил еден од најголемите и најважни градови во античка Палестина. Кога Израелците влегле на земјата, царот на Хасор направил коалиција на цареви со *„мноштво што беше како песок на морскиот брег, и со многу коњи и коли“*, за да ги нападне Израелците (Исус Навин 11,4). По 120 години царот на Хасор *„имаше деветстотини железни бојни коли, и дваесет години тешко ги угнетуваше Израелците“* (Судии 4,3). 300 години подоцна царот Соломон повторно го изградил Хасор и го направил еден од своите градови за бојни коли (1. Царевите 9,15.19). Јигаел Јадин (Yigael Yadin) го ископувал Хасор од 1955 до 1958 г., и повторно во 1968 г. Тој верувал дека на толку голем и важен град сигурно му требало обилно снабдување со вода. Од почетокот на неговата работа, проблемот со пронаоѓањето на овој воден систем го интригирало Јадин, но изгледало дека нема никакви траги. Јужно од градот има неколку извори, но не изгледало дека се доволни за толку голема популација каква што сигурно живеела во Хасор, а би биле и недостапни во случај на опсада.

Авионските фотографии откривале процеп на јужната страна од ридот. Всушност, кога за првпат започнал со ископување во 1955 г., оваа длабнатина била избрана како место за тоалет. Тоа место овозможувало приватност колку што може да овозможи еден полски тоалет. Јадин се сомневал дека водниот систем може да се наоѓа под таа длабнатина, но немало начин да го докаже тоа, освен да отстрани илјадници тони земја, а тоа, се разбира, воопшто не доаѓало предвид. Сепак, кога работата продолжила во 1968 г. Јадин не можел да ја сопре својата љубопитност. Тој им ја доделил таа задача на половина од најмената работна сила.



Ископини во Хасор

## Скептични **експерти**

Некои од експертите во тимот биле скептични. На површината немало ништо што би упатувало на некакво важно откритие на тоа место. Но, Јадин имал некакво предчувство, а во минатото се покажало дека секое негово предчувство е точно. Сепак, изгледало дека скептиците се во право, кога тимот копајќи во длабочина открил плочник направен од камења, и заклучиле дека страните на вдлабнатината биле обложени со камења.



Ова наведувало на заклучок дека вдлабнатината не била ништо друго освен базен за собирање вода. Јадин решително продол-



Влезот на водниот извор во Хасор

жил со работата. Се сетил дека таков сличен базен бил откриен и кај Мегидо, а под него бил откриен отвор за вода. Ископувањата оделе сѐ подлабоко и подлабоко. Јадин сфатил дека изворот на водата веројатно би бил на ниво на изворите надвор од ридот (tell), а тие се наоѓале на четириесет метри под врвот на ридот. Според брзината со која работеле, би им биле потребни многу години да стигнат до тоа ниво, бидејќи постарите работници работеле мошне бавно, па затоа Јадин наредил да донесат голем багер. Ова не е вообичаена алатка на археолозите, но случајот бил специфичен, инаку никогаш не би дознале што се наоѓа во длабочината. Така, дигалката продолжила со работа под будното око на експертите.

## Откритие

Потоа следувало возбудливо откритие. Големата вилушка на багерот удрила во камена подлога, а процепот на подлогата бил вертикален отвор. Понатаму продолжиле да работат без багерот. Рачните алатки наскоро откриле скали кои се спуштале надолу по страните на отворот. Ова мора да бил отвор кој водел до извор на вода, но сепак постоел и еден проблем што ги збунувал. Спиралните скали издлабени во каменот, како што се спуштале кон длабочината, станувале сѐ потесни во дијаметар, па според пресметките, отворот би исчезнал на околу десет метри над нивото на изворот. Но на крајот на скалилото решението станало очигледно. Откриле еден тунел направен настрана од отворот. Тука се појавил уште еден проблем. Тунелот бил навален кон западната страна а не кон јужната каде што се наоѓале изворите; но кога тунелот бил расчистен, тие откриле дека се спушта кон обилен довод на чиста вода. Жените од градот можеле да ги донесат своите садови на глава или на раменици, да се спуштат по спиралните скали и да продолжат низ тунелот кој ги водел до овој извонреден довод на чиста вода.



Спиралните скалила кои водат кон изворот

Денес посетителите на Хасор размислуваат двапати пред да се решат да се спуштат до дното на отворот за да го разгледаат. Слегувањето и качувањето повторно до врвот се мошне исцрпувачки. Јас им препорачувам на туристите што ги водам до ова место, да помислат на жените кои ги носеле своите големи садови полни со вода сѐ до врвот. Мистеријата, која не е решена до денешен ден, е: како тогашните градители знаеле дека треба да тргнат кон запад за да дојдат до вода, наместо да копаат тунел во насока кон изворите? Тие сигурно знаеле нешто што ние денес не знаеме. Кај Мегидо тунелот за вода води кон изворот надвор од ридот, но ако непријателот го откриел изворот, тој би можел да го пробие својот пат низ тунелот до градот. Кај Хасор, изворот на вода се наоѓал внатре, меѓу градските ѕидови. Но некои градови биле подигнати на места каде што немало ни река ни извор. Во тој случај водата морало да се чува во цистерни (резервоари). Каналите ја спроведувале водата низ отвори издлабени во варовник. Ваквите резервоари вообичаено имале облик на круша, со мал отвор на врвот. Подоцна овие резервоари биле обложувани со малтер, за да не ја пропуштаат водата. Во времето на Римјаните биле изградени акведукти (водоводи), преку кои водата била пренесувана многу километри до нивните градови. И тие граделе огромни резервоари, со што обезбедувале редовно снабдување со вода.

## Дупка **без дно**

Апостол Јован сигурно видел голем резервоар во својата пророчка визија. „*Потоа видов како од небото слегуваше ангел кој го имаше клучот од бездната и голема верига во раката своја: го фати змејот, древната змија, која е ѓаволот и сатаната – и го врза за илјада години; потоа го фрли во бездната и го заклучи, ставајќи печат врз него за да не ги лаже веќе народите до завршувањето на илјада години*“ (Откровение 20,1-3). Бунарите и резервоарите за вода вообичаено имале камен врз отворот, за да се заштити водата од загадување или од каква било злоупотреба. Го гледаме тоа кога Јаков дошол во Харан и се понудил да им помогне на ќерките на Лаван да



Римски акведукт

ги напојат своите стада, „*голем камен имаше над отворот од изворот*“ (1. Мојсеева 29,2). Се разбира, сите резервоари за вода кои Јован ги видел во својот живот имале дно, но оваа дупка што ја видел во визија била толку голема и длабока, што му изгледала како да е без дно. Па така, во својата визија, Јован видел ангел како слегува од небото, го фаќа ѓаволот и го фрла во огромен резервоар за вода кој како да нема дно, а потоа го затвора капакот на отворот и го запечатува толку силно та да не може да се отвори во следните илјада години.

## Земјата е пуста 1000 години



Меѓутоа, ова е симболичка визија. Грчкиот збор употребен овде за „бездна" е „abussos", од кој е добиен англискиот збор „abyss" (бездна). Истиот грчки збор „abussos" е употребен и како превод на еврејскиот збор „bohu" што значи „празен". Зборот „bohu" е употребен во Стариот завет три пати и опишува пуста, ненаселена дивина. Пред Бог да го создаде светот од хаос, за површината на земјата се вели дека била „неоформена и пуста (bohu)" (1. Мојсеева 1,2). Предвидувајќи го *„денот за одмазда ГОСПОДОВА"* пророкот запишал: *„И реките негови ќе се претворат во катран, а правот негов – во сулфур... и ќе протегнат по неа јаже за разорување* (запустеност) *и мера* (камен) *за уништување* (испразнување – bohu)" (Исаија 34,8.9.11). И Еремија го видел ова во визија: *„Ја гледам земјата – и ете, таа е разорена и пуста* (bohu)*... Гледам – и ете, нема човек и сите небески птици одлетале. Гледам – и ете, плодното поле е пустина, и сите негови градови се сосипани од лицето ГОСПОДОВО, од јароста на гневот Негов"* (Еремија 4,23.25.26).

Ете, што ќе се случи со светот кога Исус Христос ќе се врати – хаос, празнина. Тука нема да има никој жив, освен сатаната и неговите ангели.

Тука нема да има добри луѓе. А оние што му припаѓаат на Христа ќе бидат однесени на небото *„бидејќи сам Господ со заповед, на гласот на архангел и при труба Божја, ќе слезе од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите; а потоа, ние, што сме останале живи, заедно со нив ќе бидеме грабнати на облаците, за да се сретнеме со Господ во воздухот"* (1. Послание до Солуњаните 4,16.17). *„И царуваа со Христос илјада години"* (Откровение 20,4).



## Судењето во Рајот

Рајот е вистинско место. Можеби не знаеме каде точно во универзумот го сместил Бог своето живеалиште, но живееме во бесконечен универзум и таму некаде Бог седи на својот престол; и во текот на илјада години Божјите луѓе исто така ќе седат на небесни престоли. *„И видов престоли; и на оние, што седеа на нив, им беше дадено да судат"* (Откровение 20,4). Овој суд нема да одлучува кој ќе оди во рајот. Тоа е веќе одлучено. Тој ќе ја одреди висината на казната која ќе им биде доделена на изгубените. *„И судени беа мртвите според запишаното во книгите, според делата нивни"* (12 стих). Со враќањето на Христос, сите безбожници ќе бидат уништени. Исус рекол: *„Како што беше во Ноевите дни, така ќе биде и во деновите на Синот Човеков: јадеа, пиеја, се женеа, се мажеа, сѐ до оној ден, кога Ное влезе во ковчегот, и дојде потопот, па ги погуби сите. Така ќе биде и во денот кога ќе се јави Синот Човеков"* (Лука 17,26.27.30). Јован го опишува настанот што ќе ја уништи земјата: *„И стана силен земјотрес, таков голем и силен потрес, каков што немало откако има луѓе на земјата... градовите на безбожниците паднаа... Сите острови исчезнаа, и гори веќе не се гледаа"* (Откровение 16,18-20). Светот ќе биде напуштена дивина без жители. Илјада години ѓаволот ќе биде заробен на земјата без никого да искушува или да вознемирува.



Сатаната „врзан" на 1000 години на опустошената Земја

## Второто воскресение

Но *„кога ќе се навршат илјада години, сатаната ќе биде пуштен од својот затвор, и ќе излезе да ги заведува народите по четирите краишта на земјата"* (Откровение 20,7. 8). Од каде дошле овие народи? Откако кажува за Божјиот народ кој заминал на небото, Јован продолжува: *„Другите, пак, од умрените не оживеаја додека не се навршија илјада години"* (8. стих). Ова е уште еден начин да се каже дека на крајот на милениумот безбожниците ќе бидат воскреснати за да ја примат казната што им била определена на судниот ден. По ова воскресение *„излегоа на земјината ширина, и го опкружија логорот на светите и возљубениот град"* (9. стих). Од каде се појавил овој град? Се појавил од небото каде што биле Божјите луѓе. *„Тогаш јас, Јован, го видов Светиот Град – Новиот Ерусалим, како слегува од небо, од Бога"* (Откровение 21,2). Каква глетка ќе биде тоа! Овој град има бисерни порти и улици од злато, и површина од 12.000 стадии (Откр. 21,16). Најверојатно тоа е периметарот на градот кој е четириаголен, 16. стих, па секоја страна би изнесувала по 600 километри. Тој ќе се симне на земјата и Божјите луѓе ќе бидат во него.



Уметнички приказ на Новиот Ерусалим

# Огненото езеро

Сега настапува последната голема борба за превласт меѓу доброто и злото. Сатаната го води собраното мноштво на безбожни луѓе *„чиј број е како морскиот песок“*,за да го нападне Новиот Ерусалим. Но тоа е залудно. *„И слезе оган од небото, од Бога, и ги проголта“* (9. стих). Како што водата ја претворила земјата во огромно езеро во времето на Ное, огнот што ќе се спушти одозгора ќе ја претвори земјата во огромно огнено езеро што врие. *„А ѓаволот, кој ги лажеше, беше фрлен во огнено и сулфурно езеро... И кој не беше запишан во книгата на животот, беше фрлен во огненото езеро“* (стихови 9 и 15). Ова е пеколот за кој предупредувал Исус. Грчкиот збор hades еднаш е преведен како гроб (1. Коринќаните 15,55) и десет пати како пекол, но секојпат би требало да биде преведен како гроб. За Грците хадес било местото на смрт и контекстот упатува дека се мисли на гроб. Единствената можна отстапка е во Лука 16,23 каде што богатиот човек *„и во пеколот, додека беше во маки, ги подигна очите свои и го виде оддалеку Авраам.“* Но ова е парабола, а не буквална случка, и не би требало да биде сфатена како гробот да е место на измачување. Но, Исус го употребил и зборот gehenna, кој се преведува како пекол и навистина значи пекол. Се однесува на огненото езеро кое ќе ги уништи безбожниците на крајот на милениумот.


Долината Ге-Хином била градска депонија

## Пеколниот оган **не е вечен**

Гехена било вистинско место. Во еврејската Библија е запишано како „Ге-Хином“, „Долината Хином“ (Бен-Хином)“ (Исус Навин 15,8). Таа се наоѓала на јужната страна од Ерусалим и градскиот шут бил изнесуван преку портата Дунг, а потоа спалуван во долината. Огнот постојано тлеел, а кога јас за првпат го посетив Ерусалим во 1958 г., сè уште гореше оган. Изгниените продукти што не беа изгорени привлекуваа муви, а постојано имаше и црви. Исус го употребил ова ѓубриште за да го симболизира огнот во последните денови, кога рекол: *„И ако окото твое те соблазнува, извади го; подобро е за тебе со едно око да влезеш во царството Божјо, отколку да имаш две очи и да бидеш фрлен во огнениот пекол, каде што нивниот црв не умира, и огнот не изгаснува“* (Марко 9,47.48).

Исус не рекол дека луѓето ќе бидат измачувани во огнениот пекол низ целата вечност. Библијата говори дека на крајот од милениумот *„тие ќе бидат мачени дење и ноќе во векови“* (Откровение 20,10), но во Библијата постои ограничување за зборот „во векови“. Јона бил во стомакот на китот „за навек“ (Јона 2,7). Нему тоа му изгледало како вечност. Кога Господ одговорил на молитвата на Ана за бебе, таа ветила дека ќе му го даде детето Самоил на Господа, да служи во светилиштето во Силом, и дека тој *„ќе остане таму засекогаш“* (1. Самоилова 1,22). Самоил не е таму денес. Дури и Силом е напуштена урнатина. Ана мислела дека нејзиниот син ќе му припаѓа на Бога *„за сите денови на животот негов“* (28. стих). Значи, сатаната и неговите следбеници ќе бидат измачувани во пеколен оган сè до крајот на својот живот, но кога огнот ќе ја заврши својата задача, кога



# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

АРХЕОЛОГИЈА

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА.
Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

## ОБИЧАИ И РИТУАЛИ

1. Кој го изведувал првиот ритуал забележан во Библијата? Одговор:
2. Каде му било кажано на Нааман да се нурне? Одговор:
3. Како бил наречен еврејскиот ритуал „бања“? Одговор:
4. Каде било првото пронаоѓање на таква бања? Одговор:
5. Каде пораснал Јован Крстителот? Одговор:
6. Зошто Исус бил крстен кога немал гревови за да бидат „измиени“? Одговор:
7. Во чие име треба верниците да бидат крстени? Одговор:
8. Кои се трите предуслови за крштавање? Одговор:
9. Дали има запис во Библијата дека некое бебе било крстено? Одговор:
10. Дали луѓето треба да бидат совршени за да бидат крстени? Одговор:

## ФЕНИЧАНИТЕ

1. Од која библиска личност потекнуваат Феникијаните? Одговор:
2. Кои биле четирите значајни градови во Феникија? Одговор:
3. Како настанал зборот „Библија“? Одговор:
4. На кои два Израелски цареви им помогнале Феникијаните? Одговор:
5. Кој го откопал Библос? Одговор:
6. Кој израелски цар се оженил за феникиска принцеза? Одговор:
7. Кој библиски пророк го предизвикал феникискиот бог Ваал? Одговор:
8. Зошто Ваал требало да одговори на предизвикот на Илија? Одговор:
9. Кој конечно го освоил Тир и ги фрлил камењата во морето? Одговор:
10. Кој библиски пророк го претскажал доаѓањето на пророкот Илија? Одговор:

## ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

# ОГАН И ВОДА

**1.** Според Библијата, кој бил првиот град изграден по потопот?
Одговор:

**2.** Кои двајца цареви ја пренасочиле водата на реката Еуфрат заради воени цели?
Одговор:

**3.** Во текот на кое зло ќе пресуши реката Еуфрат? Одговор:

**4.** Во Стариот завет кои биле трите главни извори на вода за луѓето кои живееле во Палестина? Одговор:

**5.** Кој археолог го открил системот за вода во Хасор? Одговор:

**6.** Што е симболизирано со „дупка без дно“ во Откровение 20 глава?
Одговор:

**7.** Кога Исус ќе дојде повторно на овој свет
(а) што ќе се случи со сите Божји луѓе? Одговор:
(б) што ќе се случи со сите безбожници? Одговор:
(в) колку луѓе ќе бидат оставени живи на оваа земја во текот на 1000 години од Откровение 20? Одговор:

**8.** Кога безбожниците ќе бидат повторно оживеани на крајот од тие 1000 години, што ќе прават тие? Одговор:

**9.** Откако безбожниците ќе бидат уништени во огненото езеро, што ќе создаде Бог?
Одговор:

**10.** Каде очекуваш да бидеш на крајот од 1000 години? Одговор:

*Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? *(прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)*

**Ваши податоци**

Име и презиме | Телефон

Адреса

Откако ќе ги одговорите прашањата и ќе ги внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:
**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**




гревот и грешниците ќе бидат уништени, огнените пламени ќе згаснат. Никој не може да ги изгасне, но тие ќе горат сè додека има што да гори. *„Доаѓа ден, вжарен како печка; тогаш сите горди и оние, што постапуваат нечесно, ќе бидат како слама, и ќе ги изгори денот што иде, вели ГОСПОД Саваот; и така, нема да остане од нив ни корен, ниту гранчиња“* (Малахија 4,1).

## Нова Земја

И кога огнот ќе ја заврши својата смртоносна работа и кога чадот ќе се расчисти, трагедијата на гревот ќе биде завршена. *„Небесата ќе се разрушат и основите во оган ќе се стопат. Но ние, според Неговото ветување, очекуваме ново небо и нова земја, на кои ќе се всели правда“* (2. Петрово послание 3,12.13). *„И видов ново небо и нова земја, зашто првото небо и првата земја поминаа“* (Откровение 21,1). Неминовно е дека некои луѓе што сме ги познавале на овој свет ќе бидат уништени во пламените на пеколот. Тие не го прифатиле Христа како нивни Спасител и на нив не може да им биде доделен вечен живот. Ова ќе предизвика тага кај оние што ќе бидат спасени, но *„Бог ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина“* (Откровение 21,4).

АРХЕОЛОГИЈА
Списание за промовирање на библиската археологија | Број 16, година II, 2017 | Месечно издание | Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Мелита Томовска** | Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“**, Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** | e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**

# Каде ќе бидеш ти?

Ваквата мисла е отрезнувачка: милиони луѓе што живееле на оваа земја ќе бидат живи во тоа свечено време. Независно од тоа дали верувале во воскресението на мртвите или не, дали им се допаѓало тоа или не, дали се подготвени за него или не - тоа ќе дојде. Бог вели: *„...иде часот кога сите, кои се во гробовите, ќе го чујат гласот на Синот Божји, и ќе излезат: кои правеле добро – ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување“* (Јован 5,28.29). Сите ќе бидат таму.

Единствената разлика ќе биде дали се наоѓаат внатре или надвор од Божјиот град. Ако го прифатиле Христа и ја твореле Неговата волја, ќе живеат вечно. Ако не ја прифатиле понудата за спасение, ќе бидат надвор од градските ѕидови и ќе бидат зафатени од огнот кој ќе гори во последниот ден. Тоа нема да му претставува задоволство на Бога. Тој те сака и копнее и ти да бидеш во неговото царство. Тој *„долго време трпи, бидејќи не сака да загине некој, туку сите да се покаат“* (2. Петрово послание 3,9).

Се надевам дека имаше полза од овие лекции. Се надевам дека твојот интерес за археологијата и за Библијата се зголеми. Но најмногу од сè, се надевам дека го прифати Исуса Христос за свој Спасител, и дека ќе избереш да ја покажеш својата вера во Него преку послушност на Неговите заповеди. Со нетрпение очекувам да те видам ВНАТРЕ во Божјиот прекрасен град.



**АРХЕОЛОГИЈА**

**Почитувани читатели и љубители на Библиската археологија,
најискрено се надеваме дека уживавте во ова наше заедничко патување низ цивилизациите од минатото. Се надеваме дека се стекнавте со нови и вредни информации кои го збогатија Вашето знаење, но и Ви отворија нови погледи за веродостојноста и вредноста на Светото Писмо, Библијата.**

**Со испраќање на последното ливче со одговорените прашања од овој број, ќе добиете диплома за завршена серија од 16 броја на Библиска археологија. Ви честитаме!**

**Нашето дружење не завршува тука! Доколку сакате да продолжите со проучување на слични теми, контактирајте нè на ул. „Влае„ бр. 42, 1000 Скопје или на тел. 071 569-076**